РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-499/4
18.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 6. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 5.2.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арѓенд Џелили, м-р Тања Лазороска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Заменичката на претседателот на Советот, м-р Зирјета Јајага, ја отвори 6. седница на Советот. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

### ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од втората Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 3.2.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од 5 седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 3.2.2026 година.
3. Предлог-одлука за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: наем на возила (Оперативен лизинг).
5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од втората Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 3.2.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 5 седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 3.2.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Претседателката на Комисијата за попис м-р Тања Лазороска го образложи предлогот за донесување Одлука за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година. Таа појасни дека со Решение била формирана трочлена Комисија за попис, задолжена да изврши попис на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар, побарувањата и обврските на Агенцијата за 2025 година, со состојба на ден 31 декември 2025 година. При вршењето на пописот целосно биле почитувани Законот за сметководство на непрофитни организации и внатрешното упатство на Агенцијата. Лазороска истакна дека подготовките за пописот биле навремени и соодветни, што овозможило процесот да се одвива без поголеми пречки. Таа наведе дека на 17 декември 2025 година Комисијата изработила План за работа на пописот за 2025 година, со кој бил утврден календарот за попишување на залихите во магацинот, паричните средства и состојбата на жиро-сметките на Агенцијата, побарувањата од купувачи и обврските кон добавувачи, како и средствата, ситниот инвентар и алатите во употреба кај ракувачите на материјалните вредности. Потоа, на 2 јануари 2026 година, согласно Планот за работа, била извршена пописна проверка на состојбата во магацинот и утврдена состојбата на паричните средства (денарски и девизни), при што било констатирано дек истите се евидентирани и усогласени. Во периодот од 18 декември 2025 година до 2 февруари 2026 година бил извршен физички увид во сите пет ката, приземјето и гаражите (ниво -1 и ниво -2), како една збирна целина, врз основа на што била пополнета пописната листа на основни средства. Дополнително, преку писмени потврди од ракувачите, била попишана и опремата лоцирана надвор од Скопје. При пописот биле утврдени пет предмети како кусок (еден мобилен телефон „Самсунг", два овлажнувачи за воздух, уништувач на хартија и елемент за чадор). Беше нагласено дека сите наведени предмети се со сегашна вредност од 0,00 денари, односно целосно амортизирани, и се евидентирани исклучиво како бројна состојба. Врз основа на предлог од Секторот за информатичка поддршка и општи работи, Комисијата за попис подготвила листа за расход на неисправната опрема, во која биле вклучени и констатираните кусоци.

Извршен бил попис на ненаплатени парични побарувања и судски спорови за периодот 1 јануари до 31 декември 2025 година. Пописната листа била поддржана со целокупната потребна документација, од која било утврдено дека за побарувањето кон Радио „Ускана - Плус" Кичево, во износ од 3.631 денар, не постои реална можност за наплата, поради тоа што друштвото е избришано од Централниот регистар на РСМ, со причина за престанок „по пат на стечај". Оттука, во има на Комисијата за попис, Лазороска предложи да се изработи предлог – одлука за отпис на овој долг.

Понатаму, таа информираше дека од Секторот за финансии и логистика се обезбедени податоци според кои вкупните побарувања од комитенти, заклучно со 31 јануари 2026 година, изнесуваат 2.898.907,00 денари, а вкупните обврски 1.134.809,00 денари. Секторот за финансии и логистика, постапувајќи по препорака на Службата за внатрешна ревизија, доставил и предлог за отпис на застарени побарувања (постари од три години) кои не се утужени, и тоа за 11 комитенти.

Комисијата за попис утврдила потреба од редовно ажурирање на инвентарните листи, забележала недостаток на етикети кај дел од средствата, како и дека постојниот бар-код читач е застарен и често создава технички проблеми, што претставува ризик од грешки. Со цел поефикасна реализација на пописот во наредната година, беше предложено да се изврши набавка на нов бар-код читач. Во име на Комисијата предложи и опремата што е за расход да се изнесе од Агенцијата или јасно да се обележи со црвени етикети, а Секторот за правни работи да подготви одлуки за отпис на долговите за 11 комитенти предложени од Секторот за финансии и логистика.

Членот на Советот, Петар Џуровски, постави прашање дали ќе биде формирана посебна Комисија за надзор над процесот на расходување на застарената или нефункционална опрема.

Претседателката на Комисијата за попис, појасни дека по донесувањето на Одлуката за попис за 2025 година, ќе биде формира Комисија задолжена за расходување на средствата, во согласност со законските прописи, како што било пракса и во претходните години.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека расходувањето не подразбира отуѓување, подарување или давање на средствата на користење, туку нивно исклучување од сметководствената евиденција, при што средствата остануваат на чување во просториите на Агенцијата. Тој нагласи дека за евентуално отуѓување на средства е потребна претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Советничката Цветанка Миновска, во врска со изнесените финансиски обврски во износ од околу еден милион денари, постави прашање кон кои субјекти и по кој основ се однесуваат тие обврски.

Директорот Трајчевски појасни дека Агенцијата ја завршува финансиската година на 31 јануари, согласно сметководствените правила за непрофитни организации, и дека во моментот на спроведување на пописот дел од фактурите сѐ уште не биле доспеани за плаќање. Тој нагласи дека Агенцијата нема доспеани обврски кон ниту еден субјект, а сите побарувања и обврски се детално наведени во Прилог бр. 9 од пописот.

Советничката Гордана Мајнова информираше дека овлажнувачот на воздух во нејзината канцеларија не е во функција и предложи ова да се земе предвид при нареден попис, со можност истиот да биде отпишан, доколку не може да се поправи.

Советникот Петар Џуровски предложи вработените во Секторот за општи работи да извршат проверка на апаратите во канцелариите, со цел да се утврди нивната функционалност и да се води соодветна евиденција за поправка или отпис.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата, да ја донесе Одлуката за усвојување на Конечниот извештај, арх.бр.01-476/1 од 03.02.2026 година за извршениот попис на предметите, опремата, потрошниот

материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година и со Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата за 2025 година кои се доставуваат во прилог на Конечниот извештај, и тоа:

- Пописна листа за залихите на материјалите во магацинот, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.3;

- Пописна листа за денарски и девизни средства, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.4;

- Пописна листа на основни средства (предмети и опрема), која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.5,

- Пописна листа за постоење средства на други субјекти (туѓи средства), која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.6;

- Посебна пописна листа за основни средства кои не се наоѓаат во зградата на Агенцијата, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.7

- Пописна листа со предлог за расход/отпис на инвентар и опрема, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.8;

- Пописна листа на побарувања и обврски, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.9 и

- Пописна листа на ситен инвентар, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр.10.

Воедно беше одобрено да се изврши расход/отпис на основните средства опфатени со Пописната листа со предлог за расход/отпис на инвентар и опрема, (Прилог бр. 8), при што расходните/отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга: наем на возила (оперативен лизинг). Таа појасни дека набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, при што средствата за нејзина реализација се делумно планирани во Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година, а дополнително ќе бидат предвидени и во финансиските планови на Агенцијата за 2027 и 2028 година, имајќи предвид дека договорот што ќе произлезе од постапката ќе се склучи за период од три години. Согласно проценетата вредност, јавната набавка ќе се спроведе како отворена постапка, со целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки што се однесуваат на овој вид постапка. Постапката ќе започне со објавување на оглас во Електронскиот систем за јавни набавки, како и во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Таа информираше дека сите дополнителни информации и податоци поврзани со предметната јавна набавка се содржани во доставените материјали.

Советничката м-р Гордана Мајнова постави прашање дали предложената јавна набавка се однесува на наем на едно или две возила.

Заменичката на претседателот на Советот, м-р Зирјета Јајага, одговори дека предлогот доставен до Советот предвидува наем на две возила.

Советничката Мајнова, во рамки на расправата, го изнесе своето мислење во однос на предложената набавка, при што се осврна на актуелните јавни информации во медиумите во врска со состојбата на државниот буџет. Во таа насока, таа укажа на потребата од внимателно, рационално и економично располагање со средствата и предложи, доколку постои можност, во почетната фаза да се разгледа опцијата за наем на едно возило. Притоа, таа посочи дека Агенцијата во моментов располага со возен парк кој е во функционална состојба, како и дека не се евидентира зголемена динамика на теренски активности на ниво на целата држава. Во таа смисла, таа предложи, доколку се јави дополнителна потреба во иднина, да се разгледа можноста за наем на дополнително возило.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека, согласно Финансискиот план и Годишниот план за јавни набавки, како што претходно беше образложено од раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, првично била предвидена набавка на три возила, при што во актуелниот предлог е опфатен наем на две возила. Тој информираше дека возилото кое моментално се користи е во понеповолна техничка состојба и дека во изминатиот период биле издвоени значителни финансиски средства за негово одржување, како и дека во одредени периоди истото не било во употреба поради сервисирање. Во таа насока, директорот истакна дека предложениот број на возила е резултат на проценка на реалните потреби на Агенцијата, при што напомена дека набавката на дополнително возило би се разгледувала во нареден период, во зависност од организациските потреби. Воедно, директорот нагласи дека Агенцијата постапува во согласност со принципите на економичност и рационално работење, при што посочи дека финансиското работење на регулаторното тело се одвива во рамки на сопствен, независен буџет, обезбеден од сопствени приходи.

Советничката Цветанка Миновска се изјасни дека го поддржува ставот за внимателно и рационално планирање на трошоците и дека во почетната фаза би било оправдано да се разгледа можноста за наем на едно возило.

Советникот Петар Џуровски постави прашање дека, доколку се пристапи кон набавка на едно службено возило, би било корисно однапред да се прецизира неговата намена, односно да се утврди за кои функционални потреби и за кои носители на функции истото би се користело, со цел обезбедување јасност и транспарентност во неговата употреба.

Во таа насока, советничката м-р Гордана Мајнова истакна дека службеното возило не треба да се перципира како средство наменето за индивидуална употреба, туку како ресурс кој служи исклучиво за обезбедување на ефикасно, континуирано и функционално работење на Агенцијата.

Советникот Петар Џуровски потсети дека со претходна одлука на Советот била усвоена измена на систематизацијата на работните места, со која бил предвиден ангажман на возачи за потребите на претседателот на Советот, при што укажа на потребата од обезбедување соодветни услови за извршување на тие задачи. Тој предложи точката да се одложи, имајќи предвид дека претседателот на Советот во

моментот не е присутен, како и поради фактот што станува збор за постапка за јавна набавка во која обемот на набавката може да влијае врз економските услови.

Заменичката на претседателот на Советот, м-р Зирјета Јајага, постави прашање до директорот на Агенцијата во однос на тоа дали и во кој обем техничката неисправност на службеното возило во текот на минатата година имала влијание врз редовното функционирање и извршувањето на работните обврски на Агенцијата.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, информираше дека службеното возило има технички неисправности поврзани со системот за греење и ладење, чија поправка би претставувала значителен финансиски трошок и дека поради тоа возилото не било соодветно за користење во одреден период. Директорот се согласи со предлогот точката да биде одложена и истата повторно да биде разгледана по враќањето на претседателот на Советот на работа, на некоја од наредните седници.

Заменичката на претседателот на Советот, м-р Зирјета Јајага, предложи точката да се одложи и го стави предлогот на гласање.

Предлогот беше усвоен со 4 гласа „за“, еден воздржан глас од м-р Зирјета Јајага и еден глас „против“ од Виктор Павловски.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**